РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО
И РИБАРСТВО СКОПЈЕ

| Примено: 12.06.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 313 | | |


ДО
НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО
ВО СКОПЈЕ

ДО
РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ
# НА ДИРЕКТОРОТ ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 26.9.2022 ДО 25.9.2023 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Извештајот на директорот за работата на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: УКИМ), за периодот од 26.9.2022 година до 25.9.2023 година, претставува должност која произлегува од член 117,став 5 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/2021 и бр. 58/2024) и член 243, став 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), како и член 49, став 2 од Стаутот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019).

Универзитетскиот сенат на 3. седница на одржана на 4.9.2020 година донесе Одлука бр. 02- 726/9 од 4.9.2020 година со која ја потврди Одлуката за избор на директор за наредниот мандатен период бр. 0201-356 од 1.7.2020 година на Научниот совет на Институтот за сточартсво и рибарство во Скопје, кој на седница одржана на 1.7.2020 година ја избра проф.д-р Родне Ѓорѓиоска-Настова, научен советник/редовен професор, за директор на Институтот во мандатниот период од 3 години, сметано од 25.9.2020 година до 25.9.2023 година. Во овој период, директорот еднаш во годината поднесува извештај за својата работа.

Овој Извештај се однесува на реализираните активности во текот на третата година од вториот мандат на директорот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје.

Во него се содржани главните активности и резултатите што се остварени во третата година од вториот мандатен период согласно Програмата за работа врз основа на која сум избрана за директор.

За време на целиот прв мандат и во третата година од вториот мандат, Институтот постојано се соочуваше со низа ограничувачки фактори кои негативно се одразија врз динамиката и степенот на реализацијата на програмските целите. Тоа првенствено беа затекнатите финансиски проблеми кои постепено ги решавав.

Поголемиот дел од планираните активности се завршени, додека незавршените ќе се реализираат во иднина од следниот директор.

Во периодов во Институтот беа спроведени низа активности насочени кон продолжување на започнатите процеси како и преземање нови во наставно-образовната дејност, научно-

истражувачката работа, унапредување на меѓународната соработка и други активности кои се во функција на подобрување на општите услови за работа.

Сите спроведени активности систематизирани се во следниве групи:

1. нормативно уредување;
2. научно-истражувачка дејност;
3. стручно-апликативна дејност;
4. наставно–образовна дејност;
5. издавачка дејност;
6. меѓународна соработка;
7. јавни набавки;
8. финансиско работење.

## 1. НОРМАТИВНО УРЕДУВАЊЕ

Во функција на остварување на дејностите на Институтот изразени преку управувањето, раководењето, координирањето и усогласувањето се одржуваа редовни и вонредни седници на Научниот совет, Институтската управа, Научен колегиум, како и седници на комисиите и работните групи, работни состаноци со надлежни институции за разрешување на одредени прашања од доменот на дејноста и функционирањето на Институтот.

Поради состојбата во која се наоѓавме како последица од пандемијата, согласно почитување на мерките и препораките од надлежните органи за заштита од коронавирусот, постепено се вративме на работа со физичко присуство.

Седниците со физичко присуство беа одржани во просторијата на Едукативниот центар на Институтот, во согласност со мерките кои беа пропишани во Протокол за одржување на седници на органи на управување и конференции од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, прилог бр. 4 на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирусот („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 134/2020 година).

<u>Научен совет</u>

Во извештајниот периодот од 26.9.2022 година до 25.9.2023 година се одржани - **16** редовни седници на Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје и **3** вонредни седници.

**Согласно статутарните надлежности на Научниот совет на Институтот кој е орган на управување и стручен орган, на седниците се донесени повеќе општи и поединечни акти и тоа:**

- Одлука за промена на името на Институтот
- Одлука за измена и дополнување на Статутот на Институтот.
-Одлука за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Институтот за сточарство и рибарство
-Одлука за одбивање на барањето за продолжување на работниот однос на проф. д-р Недељка Николова.
- Одлука за прифаќање на Извештајот за работа на директорот проф. д-р Родне Настова за период 26.09.2020-25.09.2022 година.
- Разгледување на приговорот поднесен од проф. д-р Недељка Николова за продолжување на работниот однос (немаше кворум за одржување на седницата 9.11.2022 год).
-Одлука за усвојување на предлог проект поднесен од Центарот за агропретприемништво.

-Одлука за формирање на конкурсна комисија за упис на студенти на втор циллус студии за академската 2022/2023 година
-Одлука за утврдување на слободен број места за упис на студенти и висина на школарина за трет циклус студии.
-Одлука за започнување на постапка за избор на директор на Институтот.
-Одлука за давање согласност за ангажирање на наставник за вршење вискообразовна дејност на втор циклус студии за предметите Ихтиологија и Систематика и екологија на риби.
-Одлука за усвојување на завршен извештај по проектот изработен од проф. д-р Васил Костов,финансиран од УКИМ
-Одлука за ставање во мирување на Центарот за агропретприемништво.
-Одлука за избор на проф. д-р Весна Левков за раководител на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии.
-Одлука за одобрување на барањето на проф. д-р Недељка Николова за продолжување на работниот однос до 30.9.2023 година.
-Одлука за формирање на изборна комисија од Институтот за спроведување на постапка за избор на ректор на УКИМ за мандатен период 2023-2026 година,
-Одлука за избор на директор на Институтот.
-Одлука за избор на двајца членови во Универзитетскиот сенат на УКИМ, за мандатен период (2023-2026 година), претставници од Институтот.
-Одлука за Ана Палашевска за продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд.
-Одлука за Данаил Шутевски за продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд.
-Одлука за прифаќање на тема на магистерски труд од студентот Бодан Ѓорговски.
-Одлука за определување на ментор на магистерски труд од студентот Бодан Ѓорговски.

**Донесени се одлуки кои се однесуваат на студиските програми:**

- Одлука за усвојување на студиската програма од втор циклус студии по Зоотехника.
-Одлука за формирање на комисија за подготовка на Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Рибарство.

**Спроведени беа постапки за избор во звања согласно Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019):**

-Одлука за формирање на рецензентска комисија за подготвување на реферат за избор на едно лице во сите научни звања, во наставно-научната област: 41402-микробиологија(4.4 Земјодлеска биотехнологија) според Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација).
-Одлука за избор на едно лице во сите научни звања во наставно-научната област, :41402-микробиологија(4.4 Земјодлеска биотехнологија) според Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација).
-Одлука за формирање на рецензентска комисија за подготвување на реферат за избор на едно лице во сите научни звања, во наставно-научната област:40802-овчарство според Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација).
-Одлука за избор на едно лице во сите научни звања, во наставно-научната област:40802-овчарство според Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународна фраскатиева класификација).

**Работата на Институтот во остварување на дејноста е јавна и транспарентна. Во насока на отчетност, согласно законските и статутарните обврски се донесоа:**

- Одлука за усвојување на завршна сметка на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје., за 603 (буџетска).
- Одлука за усвојување на завршна сметка на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје., за 788 (сопствени приходи).

**Во рамките на развивање на меѓународната соработка на нашиот Институт, се донесе одлука за мобилност на нашиот наставен кадар во странство, и тоа:**

- Одлука за одобрување на платено отсуство на проф. д-р Даниела Беличовска за реализација на академска мобилност во Еразмус +.

**Според програмските определби, во континуитет се дава поддршка и на издавачката дејност. Во таа насока беше донесена :**

-- Одлука за усвојување на рецензија на ракописот –Практикум по предметот основи на инструментални методи од проф. д-р Весна Левков и проф. д-р Наташа Ѓорговска.

**Секако, треба да се споменат и завршните подготовките по повод одбележувањето на јубилејот на Институтот.**

<u>**Институтска управа**</u>

Во текот на извештајниот период од 26.9.2022 година до 25.9.2023 година се одржани 7 редовни седници на Институтската управа. На седниците на Институтската управа како орган на управување на Институтот главно се расправаше за прашања од тековното и финансиско работење на Институтот.

**Беа донесени следните одлуки:**

-Одлука за промена на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година.
-Одлука за јавна набавка на масло за греење екстра лесно.
-Одлука за формирање на пописни комисии (за попис на основни стада и риби, за попис на основни средства и ситен инвентари за попис на сите парични средства на жиро сметка и состојба на благајна.
-Одлука за донесување на План за јавни набавки за 2023 година.
-Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2023 година.
-Одлука за усвојување на извештаите од комисиите за попис за 2022 година.
-Одлука за одобрување на финансиски средства за м-р Ирина Маневска за објава на научен труд и учество на конгрес.
-Одлука за одобрување на финансиски средства за м-р Ирина Маневска за објава на научен труд и учество на конгрес.
-Одлука за одобрување на финансиски средства за проф. д-р Васил Костов за објава на научен труд и учество на конгрес.

<u>**Имплементација на законски прописи**</u>

Институтот ги следи и имплементира законските прописи поврзани со дејноста. Во континуитет се реализираат прописите од областа на заштита на личните податоци, заштита и

здравје при работа, правниот статус на бесправно изградени објекти, преставки и предлози, финансиите, јавните набавки и други.

## Состојба со вработени

Успешната реализација на програмските определби на директорот се тесно поврзани со бројноста и стручноста на расположливиот кадар во институцијата. Поради тоа, во континуитет се води сметка за прашањето кое се однесува на човечките ресурси.

Институтот, поради упразнети места по основ на заминување во пензија и по друг основ имаше потреба од добивање на согласности од надлежните министерства за вработување на ненаставен и наставен кадар. На неопределено време добивме согласност за 1 виш лаборант.

## Состојба со имотот

За имотот на Институтот во континуитет се води грижи и се преземаат мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и останатиот движен и недвижен имотот кој е во функција на дејноста на Институтот.

Согласно статутарните надлежности на директорот, кој управува со имотот на Институтот и се грижи за неговото одржување, во рамките на можностите, согласно расположливите финансиски средства, се реализираше тековно одржување на движниот имот (опремата, инвентарот и сл.) и санација и одржување на недвижниот имот.

Во врска со регулирање на статусот на недвижниот имот, состојбата е непроменета споредено со претходниот Извештај.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти се уште се води постапката пред Министерството за транспорт и врски според нашето барање за легализација на делот од објектот на Институтот каде што е неговото седиште во Карпош.

По завршување на оваа постапка, Министерството треба да донесе Урбанистичка согласност за бесправен објект и Решение за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти . По неговата правосилност, ќе следува запишување на правото на сопственост на објектот во јавните книги во катастарот на недвижностите при Агенцијата за катастар на недвижности.

За мрестилиштата во Маврово и во Дојран изработен е и елаборат за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти.

Во завршна фаза е постапката за легализација на административниот објект на Институтот кој се наоѓа во **Дојран-Нов Дојран**. Имено постапката е во фаза на добивање на урбанистичка согласност и потоа донесување на решение за легализација и впишување на имотот во имотните книги при АКН на РСМ. Комисија од МТВ излезе на терен и направи увид во објектот.

Во тек е постапката **за легализација на административниот објект - рибник на институтот кои се наоѓаат во Маврово**, изготвен е елаборат за утврдување на фактичката состојба.

Во тек е постапка **за приватизација на земјиште КП. 280 и К.П.279/2 за К.О. Нов Дојран вон град**, со цел да се запише имотот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје во имотен лист со право на сопственост, а не како досега каде што е евидентиран со право на користење.

Исто така, во тек е постапка **за приватизација на земјиште КП. 1560/2 за К.О. Нов Дојран вон град, со цел да се впише имотот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје во имотен лист со право на сопственост**, а не како досега каде што е евидентиран со право на користење.

## 2. Научно-истражувачка дејност

Во рамки на научно-истражувачката активност работено е на **1** проект финансиран од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, врз основа на распишаните конкурси за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти, согласно член 5 од Правилникот за користење средства од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирили Методиј" во Скопје за активности поврзани со научно-истражувачка дејност. Односно изработен беше проектот под наслов: " Испитување на квалитетот на еднодневните пилиња кај тешката родителска живина во зависност од нивниот генотип и возраста" - **Раководител на проектот** е **проф. д-р Недељка Николова.**

Добиен е уште еден научно-истражувачки проект од УКИМ за Центарот за рибарство под наслов "„Биодиверзитет на рибната фауна во горниот тек на реката Треска и акумулацијата Козјак". **Раководител на проектот е проф.д-р Васил Костов.**

**Аплицирани, научно-истражувачки предлог-проекти**

1. „ Заштита на домашниот бивол како загрозен автохтонгенетски ресурс од биодиверзитетот на Р.С Македонија", финансиран од МЖСПП.
**Раководител:** проф. Д-р Даниела Беличовска

2. Проект Селекција, технологија и семепроизводство на фуражни култури (Квалитет на видовите од родот Sorghum)заедно со Институтот за фуражни култури од Плевен, Бугарија. Проектот трае до крајот на 2023 година
**Учесници** проф. Д-р Наташа Ѓорговска и проф. Д-р Весна Левков

3.Прелиминарни еколошки истражувања на ихтиофауна, планктон и фауна на дно на акумулација Козјак". Проектот е финансиран од Министерство за Животна Средина и Просторно Планирање. **Раководител :** м-р Ирина Маневска

**Во текот на извештајниот период, од страна на научниот кадар на Институтот се објавени следниве научни трудови.**

1. **Congress participation:** NUTRICON Food Quality and Safety, Health and Nutrition 2023. **Oral presentation of scientific article titled: Influence of Probiotic Feed Addition on Common Carp *(Cyprinus carpio)* meat chemical composition". Manevska I., Pancevski I., Pancevska N., Arsovska J., Kostov V. (2023).**Issued in NUTRICON EHEDG Journal in 2024.
2. Kostov V., **Manevska I.,** Arsovska J., Manasievska Simić S. (2021). **LENGTH-WEIGHT RELATIONSHIP AND CONDITION FACTOR OF THE ENDANGERED AND ENDEMIC PRESPA TROUT (SALMO PERISTERICUS KARAMAN, 1938) FROM LEVA RIVER, KRANSKA RIVER AND BRAJČINSKA RIVER**. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 11, No. 1–2, pp. 59–67.
3. **International Conference participation: 27.09.-29.09.2023:"ONE HEALTH AND ZOOLOGY",**Hyssaria Bulgaria.

- **"Influence of dietary probiotic on welfare and feed conversion ratio on common carp *(Cyprinus carpio)*reared in intensive cage system"**Irina Manevska,Ivica Pancevski, NatalijaAtanasova-Pancevska, JulijanaArsovska, Vasil Kostov. Oral presentation. Full paper in press.https://www.acta-zoologica-bulgarica.eu/
- **"Biological, ecological and taxonomic characteristics of the species *Pelasgusminutus* (Karaman, 1924) from BelchishkoBlato, Republic of North Macedonia"** Vasil Kostov,Irina Manevska,JulijanaArsovska,LidijaVelkova-Jordanoska,DijanaBlazhekovikj-Dimovska, StojmirStojanovski. Oral presentation. Full paper in press.

- **Macedonian Journal of Agricultural Science – Article in press: "Influence of probiotic supplemente feed on growth rate in common carp (*Cyprinus carpio*L.) in intensive cage system".**Irina Manevska, Ivic Panchevski, MarijaKostova, NatalijaAtanasovaPanchevska, Vasil Kostov.https://www.acta-zoologica-bulgarica.eu/

4.Vesna Levkov, Natalija Atanasova-Pančevska, Daniela Beličovska, Sandra Mojsova, Natasha Gjorgovska (2022 **Fermented plant based products in everyday nutrition in North Macedonia and their potential of probioti vectors.** Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 12, No. 47-56.

5. Irena Golubinova, Plamen Marinov-Serafimov, Natasha Gjorgovska, Vesna Levkov (2022) **Effect of vegetativ application of herbicides on the quality of silage from *Sorghum vulgare* var. *technicum* [Körn.].** Journal c Mountain Agriculture of the Balkans, Vol. 25, no. 6: 242-257.

6. Plamen Marinov-Serafimov, Irena Golubinova, GaljaTzvetanova, Vesna Levkov, Natasha Gjorgovska (2022) **Influence of pre-sowing treatment of seeds with Siliplant Universal on initial growth of alfalfa (Medicago sativa L.) cultivars.** Journal of Mountain Agriculture of the Balkans, Vol. 25, no. 5: 272-290.

7. Vesna Levkov, Elizabeta Coneva, Natasha Gjorgovska, Daniela Belichovska (2022) **Nutritional characteristics and antimicrobial potential of goat whey fermented with kefir grains.** Journal of Mountain Agriculture of the Balkans, Vol. 25, no. 5: 39-57.

8. Svetlana Grigorova, Natasha Gjorgovska, Evgeni Petkov, Vesna Levkov (2022) **Evaluation of the Effects o Urtica Dioica L. Supplementation on Egg Quality and Blood Parameters in Laying Hens.** (2022 VeterinarijairZootechnika, 80(1):35-40 **(Scopus IF = 0.143)**

9. Daniela Belichovska, Vesna Levkov, Katerina Belichovska, Natasha Gjorgovska, Suzana Duraku. **Fishpond sediment as fertilizer or feed supplement.** International conferenceCONTAMINATED SITES 2022, 12 – 14 October 2022, Senec, Slova Repubilc,Conference Proceedings, pp. 177- 179.

10. Daniela Beličovska, Zlatko Pejkovski, Aleksandra Silovska-Nikolova, Katerina Beličovska, Vesna Levkov, Nikola Pacinovsk Elena Eftimova, Mimi Kratovalieva-Stanikevska. **Possibilities for pork fat, phosphate and nitrite replacement in chicke frankfurter production.** Macedonian Journal of Animal Science, 2022, 12 (1–2), 55–64.

11. Nikola Pacinovski, Elena Eftimova, Vesna Levkov, Nataša Mateva, Daniela Beličovska, Ljupčo Angelovski, Ana Palaševska Danail Šutevski. **Variability of some production traits of Karakachanian sheep in North Macedonia.** Macedonian Journal o Animal Science, 2022, 12 (1–2), 5–12.

12 .Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, Ana Palaševska, Daniela Beličovska, Vesna Levkov. **Goat breeding in the Republic o North Macedonia – Situation and perspective.** Macedonian Journal of Animal Science, 2022, 12 (1–2), 13–20.

13. Vesna Levkov, Daniela Beličovska, Elena Eftimova. **The number and composition of yeasts and moulds developing i beaten cheese produced in industrial capacity.** Macedonian Journal of Animal Science, 2022, 12 (1–2), 65–71.

14. Aleksandra Silovska Nikolova, Zlatko Pejkovski, LencheVelkoska-Markovska, Daniela Belichovska, Dimitar Nakov, Katerin Belichovska. **The effect of swiss chard powder and starter cultures on colour development in smoked pork loin.** Journal o Agricultural, Food and Environmental Sciences, 2022, 76(2), 1-11.

15. Aleksandra Silovska Nikolova, Daniela Belichovska. **The effect of plant-based nitrites and natural antioxidants on th oxidative stability of meat products.** Knowledge International Journal, 2023, 57(3), 367-372.

ОБЈАВЕНИ АПСТРАКТИ:

**1.International Conference participation: 27.09.-29.09.2023:"ONE HEALTH AND ZOOLOGY"**,Hyssaria Bulgaria.
**"Ichthyofauna of Belciskoblato"** - Irina Manevska, JulijanaArsovska, Lidija Velkova-Jordanoska, Dijana Blazhekovikj-Dimovska Stojmir Stojanovski, Vasil Kostov.Oral presentation, Abstact BOOK

2. Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Aleksandra Silovska Nikolova, Katerina Belichovska, Vesna Levkov. **Animal fa substitution with vegetable oil in frankfurter-type sausages.** IV International Symposium for Agriculture and Food – ISAI 2022, 12-14 October 2022, Ohrid, North Macedonia. Book of Abstract, pp.116.

3. Pejkovski Zlatko, Silovska Nikolova Aleksandra, Belichovska Daniela, Belichovska Katerina. **Usage of starter cultures inhibitors of microbiological hazards in fermented meat products.** IV International Symposium for Agriculture and Food IFAF 2022, 12-14 October 2022, Ohrid, North Macedonia. Book of Abstract, pp.19.
4. Belichovska Katerina, Belichovska Daniela, Pejkovski Zlatko, Silovska Nikolova Aleksandra. **Physicsl composition rainbow (*Oncorhynchus mykiss*, Walbaum) and river (*Salmo trutta m. Fario*, Linnaeus) trout.** IV International Symposiu for Agriculture and Food – IFAF 2022, 12-14 October 2022, Ohrid, North Macedonia. Book of Abstract, pp.12.

## 3. Стручно апликативна дејност

**Институтот за сточарство и рибарство** во Скопје покрај научната активност работи и на стручн апликативна дејност. Овде се вклучени активностите поврзани со остварувањето на одделни програми соработки што ги остварува Институтот со одделни производни организации-спортско-риболовни друштва државни институции.

**Институтот за сточарство и рибарство** е поврзан и со органите на јавна управа и други асоцијаци кои работат на унапредување на сточарското производство во Република Македонија. Такви с Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, каде Институтот зема активно учество в припремање на законски и подзаконски акти од областа на рибарството и сточарството, како и во други зафат поврзани со унапредувањето на сточарското производство, рибарството и аквакултурата.

Покрај работата на подготовка на проектни апликации и научно-истражувачки проекти, Институто активно делува на полето на стручно-апликативната дејност. Во текот на извештајниот период од Институто учествуваше на тендер објавен од страна на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство з изработка на риболовните основи .

Водено до Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство беше доставена програма з изведување на вештачки мрест и порибување на Струшкот дел од Охридското Езеро со одгледан подмладок в мрестилиштето "Шум"- Струга, сопственост наИнститутот за сточарство и рибарство.

## 4. Наставно-образовна дејност

**Спроведени конкурси и резултати од уписите на вториот циклус на студии за учебната 2022/2023година**

На Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2022/2023 година,на вториот уписен рок, беше запишан еден студент на втор циклус студии, студиска програма рибарство.

**Реализација на предавања и испити за учебната 2022/2023 година**

Во учебната 2022/2023 година предавањата и испитите во УКИМ Институтут за сточарство беа реализирани согласно предвидените студиски програми од страна на наставниот кадар. Со оглед на малиот број на запишани студенти на студиските програми, предавањата се изведуваа на менторски начин на изведување на настава.
Реализацијата на наставата беше проследена со редовна комуникација со студентите, задавање на домашни и проектни задачи, редовни консултации, подготовка на презентации и ебалорирање на наставниот материјал. Консултациите и испитите се одвиваа со физичко присуство на студентите и професорите во просториите на Институтот. Зависно од условите и потребите на студентите комуникацијата во однос на предавања, консултации и испити се одвиваше и преку електронска

пошта. Известувањата на студентите најчесто им се доставуваат преку електронска пошта или се објавуваат на интернет страницата на Институтот.

**Акредитација на студиски програми**

Во текот на 2022 година УКИМ Институт за сточарствои рибарство-Скопје акредитираше две студиски програми од трет циклус академски студии. **Студиска програма по Рибарство и Зоотехника и агроменаџмент.**

Во 2023 година Институтот доби и **Решение за почеток со работа на студиската програма Рибарство од трет циклус студии.**

Во 2023 година Институтот поднесе барање за акредитација на **едногодишна студиска програма Зоотехника од втор циклус на студии.**

**Самоевалуација на Институтот**

Во учебната 2022/2023 година не беше спроведена самоевалуација во Институтот за сточарство и рибарство.Се паланира во наредната учебна година истата да се спроведе.

## 5. Издавачка дејност

Според политиката на органите на Институтот во извештајниов период се издадени следниве публикации:

1. Издаден е двобројот од научното списание Macedonian Journal of Animal Science за 2022 година.

2. Регистрација на Macedonian Journal of Animal Science во Crossrefи координација со одговорниот за DOI м-р Миодраг ДадасовиќI во Национална Универзитетската Библиотека Св Наум Охридски. Доделени се вкупно 283 означувања.

## 6. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународната соработка остварени се учества во проекти, конференции, конгреси и работилници од страна на научниот кадар на Институтот.

1. Остварена Еразмус соработка од УКИМ Институт за сточарство и рибарство од Скопје (јуни 2023)
Faculty of Agriculture, Zagreb, Croatia
Staff Mobility For Training drDaniela Belichovska

2. Остварена Еразмус соработка (јуни 2023)
Institute for Animal Ssience, Kostinbrod, Bulgaria
Staff Mobility For Training dr.Marya Todorova

3. Остварена Еразмус соработка (септември 2023)
Agricultural Institute, Stara Zagora, Bulgaria
Staff Mobility For Trainingd-r Miroslav Simeonov

## 7. Јавни набавки

За потребите на Институтот, во континуитет, се спроведуваат јавни набавки за работи, стоки и услуги во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки и истите се успешно спроведени. Во извештајниов период спореведени се следните постапки:

**1. Број на оглас: 16554/2022**

**Предмет на договорот за јавна набавка:** Набавка на екстра лесно гориво

**Времетраење на договорот:** 1 година

**Вредност на склученият договор со вклучен ДДВ 839.971.00** денари

## 8. Финансиско работење

Финансирањето на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје се остварува од повеќе извори. Од Министерството за финансии, преку Министерството за образование и наука се обезбедуваат платите за 27 од вкупно 28 вработени. Платата за едно лице (хигиеничар) вработено во Институтот се обезбедува од сопствени средства кои Институтот ги остварува со апликативна работа.

Финансирањето на минатиот труд од јануарската плата 2021 година ги обезбедува Министерството за образование и наука. Теренските активности се во основа од средства кои Институтот ги обезбедува од апликативната работа.

Исплатата на режиските трошоци го врши Министерството за образование и наука.

Општата финансиска состојба во Институтот е подобрена, зашто поголем дел од доспеаните обврски за плаќање по основ на извршни судски решенија се исплатени.

Направив максимални напори за надминување на состојбата спроведувајќи низа активности во рамките на моите надлежности и можности. Финансиските проблеми делумно се надминати. Состојбата би се подобрила во сегашниов период доколку не би ги имале тужби од наши вработени по основ на неисплатени хонорари по проекти од изминатиов период во износ од

Приходот од студенти запишани на постдипломски студии на двете насоки изнесува **51.000. 00 денари.**

Од супрвештачења приходот изнесува околу **731.170.00 денари.**

*Центар за рибарство*

Според одредбите на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 67/2010, 47/2011, 53/2011, 95/2012, 164/2013, 116/2014, 154/2015, 193/2015, 39/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република СевернаМакедонија“ бр. 150/2021), УКИМ Институт за сточарство-Скопје како овластена институција од областа на рибарството, преку Центарот за рибарство секоја година ја спроведува апликативната активност „изработка и издавање на мислења за годишни планови за риболовните води во Македонија“. Во тековната година, спроведени и реализирани се применетите тековни активности во делот на изготвување на Мислења по доставени Годишни планови од страна на концесионерите на риболовните води во Македонија за 2023 и 2024 година. Во извештајниот период изработени се околу 25 мислења за заштита и стопанисување со рибите и организирање на стопански и рекреативен риболов во риболовните води за 2024 година.

Во тек е изработка, фактурирање и издавање на мислења за пристигнатите годишни планови кои се однесуваат на 2024 година. Активноста ќе се реализира до 15.11.2023 година. Применетата активност „изработка и издавање потврди за утврдена бројна состојба на матици во регистрирани аквакултурни објекти во Македонија“ како дел од обврските на Центарот за рибарство, е спроведена и реализирана во периодот од јуни – јули 2023 година. Посетени се и

направен е увид на рибници и се издадени потврди.

Институтот за сточарство и рибарство на тендер објавен од страна на Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство ги изработи риболовните основи и оствари приход од **350.000.00 денари.**

Приходот од студенти запишани на постдипломски студии на Рибарство изнесува **51.000. 00 денари.**

Според направен сметководствен пресек за извештајниот периодот вкупните остварени приходи во Центарот за рибарство изнесуваат **1.095.331.00 денари.**

Колегите од центарот го изработија Елаборатот за трет циклус студии – докторски студии по Рибарство.

### *Центар за сточарство*

Поради отуѓување на 137 грла овци, кои беа сопственост Институтот од страна на Игор Наумовски, направена е спогодба за надомест на штета во висина од **434.500.00 денари,** на две еднакви рати. Наплатата на средствата не одеше според спогодбата, но сепак долгот е исплатен во целост.

Во однос на стадото овци од каракачанската раса, кој според книговодствената евиденција се води како сопственост на Институтот, би требало да се спомне фактот дека Договорот со времениот одгледувач ВСЦ „Тодор Велков" од Куманово, кој е потпишан некаде во 2001 година, и покрај мојте максимални заложби до денес не е обновен.

Научните работници од Центарот за сточарство беа активно вклучени во реализација на наставно образовната дејност на студиската програма Сточарство, а дел и на студиската програма Рибарство, во рамките на последипломските студии кои ги организира Институтот. Исто така наставниците од Центарот за сточарство имаат ангажман во студиската програма за трет циклус студии – Зоотехника и агроменаџмент . Претседател на Комисијата за изработка на елаборатот за трет циклус студии- докторски студии по Зоотехника и агроменаџмент беше проф.д-р Недељка Николова.

Најголем трошок во центарот за сточарство во извештајниот период беше извршното решение по основ на неисплатени хонорари од страна на проф.д-р Елена Ефтимова во вредност од **660.000.00 денари**

### *Центар за исхрана и преработка на хранителни производи*

Во извештајниот период извршени се повеќе од 60 хемиски анализи на проби за реализација на научно- истражувачки проекти, анализи за реализација на научни трудови со импакт фактор од коминтенти поврзани со трговија и производство на добиточна храна по нивно барање.Извршени беа и супервештачења,контроли и експертизи.

Раководителот на ***Центар за исхрана и преработка на хранителни производи*** проф.д-р Наташа Ѓорговска оствари работна средба со колегите од Institute of forage crops во Плевен, Бугарија и со колегите од Institute of mountain stock breeding and agriculture во Тројан, Бугарија.

На средбата беше договорено усвојување на некој лабораториски методи и обновување на договорот за соработка. Воедно беше договорена заедничка соработка при објавување на научни трудови во научните списанија и тоа: Macedonian Journal of Animal Science и Journal of Mountain Agriculture on the Balkans.

Проф.д-р Весна Левков е член на подсекторската група за органско производство при МЗШВ.

Колегите од овој Центар максимално се ангажираа во изработка на елаборатите за втор и трет циклус студии по студиската програма Зоотехника и агроменџмент и студиската програма Рибарство.

### *Центар за млекарство*

Во извештајниот период започна со работа и Центарот за млекарство,кој беше предвиден во Статутот на институтот. Центарот сеуште нема остварено приходи, зашто е во почетна фаза.

### *Заеднички служби*

Од Центарот за рибарство од апликативната работа за заеднички служби **останува 30% до 50%** од донесената работа. Воедно останува и одреден процент од научно-истражувачките проекти, зависно од критериумите на самиот проект.

Од супрвештачењата што ги врши Институтот останува одреден процент и за институтот. Бидејќи институтот сеуште исплаќа долгови и не е финансиски зајакнат, хонорарите на колегите кој ги изработуваат супрвештачењата сеуште не се исплатени.

Во насока на транспарентното работење, праксата воспоставена од минатото, секој раководител на Центар да има комплетен увид во финансиското работење на својата работна единица и за истото да ги информира непосредно подредените продолжува од година во година. Со тоа, во секој момент секој раководител, како и секој вработен може да знае колкави се приливите, колкави се трошоците на средства во изминатиот период и каква е моменталната финансиска состојба на Центарот.

### *Состаноци во Министерството за образование и наука*

Во Министерот за образование и наука (МОН) разговарав за актуелизирање на проблемот со финансирањето и потребата од посебна програма за институтите упатени кон научна дејност. Мојата заложба е институтите, односно науката поинтензивно да се ставаат во функција на потребите на државата, преку проекти кои ќе ги работат научните работници кои се вработени во институтите. На средбата со министерот за образование и наука, побарав да се изнајде решение за издвојување на средства од капиталните инвестиции на МОН за промена на прозорците и дел од кровната азбестна конструкција. Досега имам доставено во многу наврати пресметки и барања за комлетно реновирање на институтската зграда, меѓутоа нема нивна реализација. На таквото мое барање ми беше одговорено дека таквата обрвска МОН највероjатно би можела да ја реализира до крајот на 2023година. Разговаравме и за решавање на проблемите поврзани со недостиг на научен кадар, особено научниот подмладок.

### *Состаноци во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство*

Во досегашната пракса Институтот секоја година склучува договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), но за 2020, 2021 и 2022 година не се потпиша тој договор за мрестот, затоа што МЗШВ не успеа да назначи концесионер на Охридското езеро.Во август 2023 година институтот поднесе програма за изведување на вештачкиот мрест на Струшкиот дел на езерото.Институтот по програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата е обврзан за порибување на риболовното подрачје на Охридско езеро – Струшкиот дел. Во вакви услови кога нема концесионер и коа не се врши порибување доаѓа до биолошко

нарушување на екосистемот- Охридско езеро, односно драстично намалување на рибниот фонд. Во 2023 година се потпиша договорот со МЗШВ за изведување на вештачкиот мрест.

Иако имаме пресуда во полза на Институтот во врдност **од 1.700.000.00** Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието се уште ги нема исплатено средствата во корист на Институтот. Сите досегашни министри за земјоделство,шумарство и водостопанство, вклучувајќи го и актуелниот,се запознаени со ова, меѓутоа реализација во однос на исплата на средствата нема.

Со раководителот на Секторот за рурален развој м-р Гоце Георгиевски долго време бевме во фаза на остварување заедничка соработка за опремување и осовременување на лабораторијата при Центарот за исхрана и преработка на хранителни производи при Институтот. Меѓутоа со ребалансот на буџетот и пренасочувањето на средствата, Институтот не ја доби ветената опрема.

Како директор на Институтот остварив средби со неколку амбасади и невладини организации, со цел да се оствари некоја соработка со Институтот и за можноста да добиеме лабораториска опрема.

**Потпишав меморандум за разбирање помеѓу нашиот институт и Факултетот за сточарство и технологија во Јунан при Земјоделскиот универзитет на Р.Кина**.За сите мои превземени активности постојат пишани документи во архивата на Институтот.

*Договори со ФЗНХ*

Во 2022 и 2023 година за учество во проектот Биодиверзитет чиј носител е ФЗНХ директорот на институтот максимално се ангажираше за потпишување на договор со ФЗНХ. Меѓутоа некој од колегите - извршители од Центарот за сточарство не се согласија да ги извршуваат активностите по проектот согласно условите што ги побара од нив факултетот. Во оваа фаза директорот настојува да се потпише договор со кој би му се помогнало финансиски на институтот, кој е во незавидна состојба и средствата од тој проект му се потребни.

*Добиени средства од УКИМ во извештајниот период*

Од УКИМ во овој период доделени беа средства за научно- истражувачки проект од интегративните функции, за Центарот за рибарство во висина од **150.000.00 денари.**

*Добиени средства од Министерство за животна средина и просторно планирање*

Во обој период доделени беа средства за научно-истражувачки проект за Центарот за рибарство во висина од **200.000.00 денари.**

*Неисплатени средства по основ на хонорари од вработени во Институтот*

Се уште не се исплатени во целост финансиски средства на вработените во Центарот за сточарство по основ на хонорари за извршена работа по заеднички проекти со ФЗНХ поради немање на средства од сметката на Институтот.

За вработените од Центарот за рибарство исто така има неисплатени хонорари по однос на спогодби за риболовни основи, изработка на мислења за годишни планови и порибувања.

Не се исплатени колегите што се вклучени во изработката на супевештачењата

Од страна на дел од вработените се поднесени тужби за побарувањата. Иако покренувањето на тужби против матичната институција е чин со кој се работи директно против интересите на институцијата, што резултира со уште поголем финансиски товар за Институтот кој тешко дека ќе може да се поднесе, бидејќи му создава дополнителни судски трошоци кои мораат да се плаќаат, наместо со тие средства етапно да се подмирува основното побарување. Тој чин во ниту еден момент не може да се оправда и претставува чин на себичност и крајна несериозност, чин кој е далеку од институционална лојалност и посветеност кон матичната институција. Во целиов период

додека сум директор исплаќав вработени во Институтот кои тужеле во минатото. Исто така имаше две нови тужби од двајца вработени во институтот.Ова беше огромна пречка за реализација на моите програмски определби во првиот мандат, но продолжува и во овој. Има тужби од двајца вработени кои и понатаму продожуваат да ја осиромашуваат својата институција. Немаат слух на мојте апели дека треба да се има колегијаност, етичност и моралност кој матичната институција.

Како директор на Институтот постојано укажував за ваквата состојба, како и за можниот епилог, за што однапред се оградувам од одговорноста за тоа.

Сметам дека заеднички треба да размислиме во иднина да се направат анализи за начините за усовршување на студиските програми преку зголемување на нивната атрактивност и промоција за привлекување нови студенти.

Ставајќи го како приоритет оспособувањето на лабораториите остварени беа повеќе состаноци и контакти со релевантни институции со цел да се добие лабораториска опрема за да може да се акредитираат некои методи.

Во насока на грижа за имотот, поднесено е барање до МОН за доделување на средства за да се изврши темелно реновирање на институтската зграда.

Мрестилиштето „Шум" во Струга неминовно има потреба од понатамошно довршување на реконструкцијата, со што ќе се обезбедат потребните стандарди. Потребна е целосна обнова на базените и инкубаторите во мрестилиштето и воопшто комплетна санација на целата зграда. Успеавме да санираме дел од кровната конструкција на мрестилиштето, но тоа не е доволно.

***

Само со многу работа,ангажираност на сите вработени и со заедничко разбирање за состојбата во која се наоѓа целиот свет после пандемијата може да ги надминеме сите пречки во иднина со можност Институтот да опстои и да се развива како што доликува на една ваква институција која е единствена и потребна на државата.

Изразувам благодарност до сите вработени за соработката, колегијалноста и разбирањето во изминатиот период.

**Подносител**
**Проф. д-р Родне Настова, директор**